**20150351065**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14 и 132/14), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 3.3.2015 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2015 ГОДИНА

1. Во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“, бр.194/14), во Глава II, точка 2 се додава нов пасус кој гласи:

„ Организирање на јога вежби за трудници со што ќе се овозможи развивање на вештини кај трудниците за контрола на дишењето,подобрување на квалитетот на сонот,јакнење на мускулатурата ,а се во насока на подготовка за породување.“

Во Глава IV. Потребни финансиски средства за реализација на програмата, Табелата 1. се менува и гласи:

„Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на Програмата

| | Активности | Извршител | Количина | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Тиреоиден скрининг на сите новородени деца | Министерство за здравство,Универзитетска клиника за детски болести | 24.000 | 1.600.000,00 |
| 2. | Неонатален скрининг за слух кај новороденчиња | Универзитетска клиника за уво нос и грло во соработка со Национален координатор за неонатален скрининг за слух | 10.000 | 100.000,00 |
| 3. | Детектирање на метаболни болести како селективен скрининг по индикација | Министерство за здравство, Универзитетска клиника за детски болести | 2.000 | 700.000,00 |
| 4. | Фолна киселина /јод за секоја бремена | ЈЗУ Здравствени домови | 24.000 | 4.000.000,00 |
| 5. | Воспоставување на банка на мајчино млеко | Министерство за здравство | 1 | 300.000,00 |
| 6. | Мајчина книшка и брошура за здрава бременост | Министерство за здравство | 25.000 | 200.000,00 |
| 7. | Брошура-информација и совети за новите родители (24.000 примероци) и дистрибуција | Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Македонија | 25.000 | 400.000,00 |
| 8. | Државен центар за репродуктивно здравје<br>Национален координатор (12x6.000 денари)<br>20 медицински сестри /акушерки во породилишта за внесување на податоците (12x3.000 денари за секоја акушерка/медицинска сестра)<br>Изработка на Софтвер | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство и породилиштата низ државата 16 Општи болници вклучувајки ги и приватните породилишта | 1 | 800.000,00 |
| 9. | Зајакнување на капацитети на ОБ Струмица со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од обласга на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина НОВО СЕЛО | Општа болница Струмица | 24 недели | 120.000,00 |
| 10. | Зајакнување на капацитети на СГАБ Чаир- Скопје со распоредување, доктор на медицина со лиценца за работа од областа на гинекологијата и акушерството и медицинска сестра/акушерка, еднаш во неделата да вршат здравствена дејност на ниво на примарна здравствена заштита во ординација за гинекологијата и акушерството на подрачјето на општина Шутка | Специјална гинеколошко акушерска болница-Чаир | 24 недели | 120.000,00 |
| 11. | Приска по индикација (партиципација) | Министерство за здравство | 1.500 | 100.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12. | Регионални работилници за здравствени работници - гинеколози од породилиштата за методологијата за вршење на стручна ревизија на матернален морбидитет и морталитет (near miss cases)<br>Регионални работилници за мултидисциплинарни тимови од породилиштата за методологијата за вршење на доверлива стручна ревизија на перинаталната и неонатална смртност | Министерство за здравство, Државен центар за хумана репродукција, Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје / Институт за јавно здравје на Република Македонија | 5 | 150.000,00 |
| 13. | Регионални работилници за патронажната служба и Ромски здравствени медијатори за семејно планирање<br>Регионални работилници за здравствени работници – од превентивните тимови и од породилиштата за советување за доење | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје / Институт за јавно здравје на Република Македонија, Комитет за доење | 5 | 150.000,00 |
| 14. | Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромски здравствени медијатори | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/ Здравствен Дом Скопје / Институт за јавно здравје на Република Македонија | 10 | 100 000,00 |
| 15. | Едукација на семејства во рурални средини и ромски заедници за унапредување на здравјето и развојот кај децата, вакцинации, безбедно мајчинство и адолесцентно здравје од страна на Ромски здравствени медијатори и патронажна служба | Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 2.200 семејства да се едуцираат | 110.000,00 |
| 16. | Промоција на Европската недела на имунизација | Министерство за здравство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 200.000,00 |
| 17. | Промоција на Светската недела на доењето | Министерство за здравство,Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство, Завод за здравствена заштита на мајки и деца | 1 | 100.000,00 |
| 18. | Спроведување на истражување за достапноста на услугите од здравствените работници и нивен одговор кон родово базирано насилство | Министерство за здравство, УНФПА - Фонд на население за Обединети нации, СЗО – Светска здравствена организација | 1 | 50.000,00 |
| 19. | Организирање на јога вежби за трудници (2пати неделно х 1час, за 20 трудници) | Спортски центар Борис Трајковски | 10 месеци | 200.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од основниот Буџет | | | 8.000.000,00 |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | 1.500,000.00 |
| | Вкупно | | | 9.500.000,00 |

2. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 42-1867/1
3 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.